РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 04-854/10
17.07. 2026 год.
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и ,,Службен весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02), Записникот на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-854/9 од 16.07.2026 година и Финалната ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат, Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на прво рангиран кандидат по Интерен оглас бр. 01/2026**

1. За работното место УПР 01 01 В01 000 Советник за водење постапка за јавни набавки во Одделение за финансиски прашања, по Интерен оглас бр.01/2026, се избра прво рангираниот кандидат Кирил Нешкоски од Кривогаштани.
2. По конечноста на Одлуката ќе се донесе Решение за унапредување на административен службеник.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Комисијата за селекција за унапредување по Интерен оглас бр. 01/2026 формирана од Градоначалникот на Општина Кривогаштани со Решение бр. 04-854/7 од 08.07.2026 година по Интерен оглас бр.01/2026 за унапредување на административен службеник во Општина Кривогаштани, објавен на веб страната на Општина Кривогаштани и на веб страната на Агенција за администрација на ден 29.06.2026 година, спроведе административна селекција за што состави Записник бр. 04-854/8 од 16.07.2026 година по што се пристапи кон Интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите за унапредување по Интерниот оглас бр.01/2026, за што се состави Записник бр. 04-854/9 од 16.07.2026 година и Финална ранг листа со предлог одлука за избор на прво рангиран кандидат.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници: ,,во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар е должно да донесе одлука за избор,,

Градоначалникот на Општина Кривогаштани постапувајќи согласно наведените одредби донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката, на интернет страната на Општина Кривогаштани.

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски